РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр 03-12291/5
21-08-2014 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14 и 116/14), министерот за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од втор и трет циклус на студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на едногодишни студии по Нови медиуми и социјални мрежи, студиската програма од втор циклус на двегодишни студии по Комуникации-Нови медиуми и социјални мрежи, студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Комуникации, Менаџмент на човечки ресурси, Културата во ерата на кибернетиката, Општествен развој и на студиските програми од трет циклус на тригодишни докторски студии по Социологија на организацијата, Социологија на окружувањето и Демократија во услови на глобализација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По донесувањето, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, на Решение бр.13-42/7 од 07.12.2011 година за акредитација на Проектот за измени и дополнување на студиска програма од втор циклус на едногодишни магистерски студии по Менаџмент на човечки ресурси, Решение бр.13-42/9 од 07.12.2011 година за акредитација на Проектот за измени и дополнување на студиска програма од втор циклус на едногодишни магистерски студии по Комуникации, Решение бр.13-67/2 од 27.12.2011 година за акредитација на Елаборат за организирање на втор циклус на едногодишни студии по Култура во ерата на кибернетиката, Решение бр.13-42/10 од 20.12.2011 година за акредитација на Елаборат за организирање на втор циклус на едногодишни магистерски студии по Нови медиуми и социјални мрежи, Решение бр.13-261/2 од 16.11.2012 година за усогласување и акредитација на студиските програми од втор циклус на двегодишни академски студии по Комуникации - Нови медиуми и социјални мрежи и Културата во ерата на кибернетиката, Решение бр.17-99/2 од 19.09.2013 година за

акредитација на студиска програма од втор циклус на едногодишни студии по Студии на политиките, Решение бр.17-100/2 од 19.09.2013 година за акредитација на студиска програма од втор циклус на двегодишни студии по Студии на политиките, Решение бр.13-27/3 од 17.03.2014 година за акредитација на студиска програма од втор циклус на двегодишни студии по Општествен развој, Решение бр.13-27/4 од 17.03.2014 година за акредитација на студиска програма од втор циклус на едногодишни студии по Општествен развој, Решение бр.13-27/6 од 17.03.2014 година за акредитација на студиска програма од втор циклус на двегодишни студии по Комуникација, Решение бр.13-27/7 од 17.03.2014 година за акредитација на студиска програма од втор циклус на двегодишни студии по Менаџмент на човечки ресурси, Решение бр.13-84/3 од 10.07.2014 година за акредитација на студиска програма од трет циклус на тригодишни докторски студии по Социологија на организација, Решение бр.13-84/5 од 10.07.2014 година за акредитација на студиска програма од трет циклус на тригодишни докторски студии по Социологија на окружување, Решение бр.13-84/4 од 10.07.2014 година за акредитација на студиска програма од трет циклус на тригодишни докторски студии по Демократија во услови на глобализацијата, Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, поднесе барање под нивен број 03-1077/1 од 22.07.2014 година, до Министерството за образование и наука, под наш број 13-12291/1 од 29.07.2014 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведените студиски програми.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 13-12291/2 од 05.08.2014 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 19.08.2014 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 13-12291/3 од 21.08.2014година, каде е наведено дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на едногодишни студии по Нови медиуми и социјални мрежи, студиската програма од втор циклус на двегодишни студии по Комуникации-Нови медиуми и социјални мрежи, студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Комуникации, Менаџмент на човечки ресурси, Културата во ерата на кибернетиката, Општествен развој и на студиските програми од трет циклус на тригодишни докторски студии по Социологија на организацијата, Социологија на окружувањето и Демократија во услови на глобализација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити